СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА

5

# ГОЦЕ МИЛЕВСКИ

за Виница



## СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



„ВИНИЦА МОЖЕ ПОВЕЌЕ. ВИНИЦА ЗАСЛУЖУВА ПОВЕЌЕ. А ТОА „ПОВЕЌЕ“ ЌЕ ГО НАПРАВИМЕ – ЗАЕДНО“

**Почитувани сограѓани,**

Со огромна чест, чувство на одговорност и уште поголема љубов кон нашиот град, ви ја претставувам мојата кандидатура за градоначалник на Општина Виница. Ќе бидам градоначалник не само на хартија туку и во практика – за секој еден млад човек, за секој пензионер, за секоја мајка, татко, ученик и работник. За сите нас, еднакво!

Стојам пред вас со јасна цел – Виница да биде место на кое сите ќе се гордееме!

Нашата Виница има душа, има традиција и има сила. Време е таа сила да ја претвориме во нова енергија – енергија на развој, чиста животна средина, подобра инфраструктура и нови можности за секој наш сограѓанин.

Верувам дека можеме повеќе и подобро. Верувам дека нашите деца заслужуваат град во кој ќе растат со насмевка и сигурна иднина. Верувам дека заедно можеме да ја претвориме Виница во современа, зелена и просперитетна општина.

Одлучив да се кандидирам затоа што:

- Сакам да ја вратиме работата и чесноста во општината;
- Сакам земјоделците конечно да добијат вистинска поддршка, а не само предизборни ветувања;
- Сакам Виница да биде чиста, организирана, уредена, со повеќе зелени површини, со грижа за младите и за најстарите;
- Сакам власт што оди пеш меѓу народот, а не само со џипови пред избори.

Јас сум еден од вас. И затоа оваа кандидатура не е моја, туку на секој човек што сака промени, правда и развој.

Ветувам дека ќе покажам и докажам дека со работа, истрајност и јасна визија се постигнуваат резултати. Време да направиме храбри и големи чекори. Да ја подигнеме Виница на повисоко ниво – град со уредени населени места, функционална инфраструктура и услови што ќе ја задржат младоста тука, дома.

Мојата кандидатура е моја лична обврска – кон Вас, кон сегашните и идните генерации. Заедно со Вас ќе градиме, да менуваме и да создаваме.

Виница може повеќе. Виница заслужува повеќе. А тоа „повеќе" ќе го направиме – заедно.

Со почит,

**Гоце Милевски**

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# Советничка листа на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија и коалицијата за Општина Виница

Почитувани наши сограѓани, како кандидати за советници во Советот на Општина Виница, како ваши соседи, сограѓани и, пред сè, луѓе од вашето секојдневие, добро ги познаваме и ги чувствуваме проблемите и потребите на секој од вас. Нашата мисија е да ја направиме општината  урбано место за живеење преку подобрување на инфраструктурата, социјалната сигурност и безбедност на граѓаните, поддршка за малите и средните бизниси, создавање нови можности и поддршка на младите и грижа за секое населено место со цел конкретен напредок во заедницата. Преку конструктивни разговори, предлози и идеи од вас граѓаните, ние како советници ќе дадеме огромен придонес со работа, чесност и транспарентност за реализација на вашите идеи, барања и предлози и заедно ќе изградиме општина во која ќе има подобра иднина за сите нас.

1. Зоран Стоименов, р. 1979, дипломиран професор по математика, СДСМ
2. Марина Костов, р. 1986, дипломиран правник, СДСМ
3. Венцо Вуинов, р. 1972, специјалист по интерна медицина, НСДП
4. Златко Постолов, р. 1987, дипломиран сообраќаен инженер, СДСМ
5. Звонко Вангелов, р. 1969, ССС геодезија - самостоен референт за геодетски работи, СДСМ
6. Александра Евтимова, р. 1989, дипломиран лаборант, СДСМ
7. Бојан Ангелов, р. 1979, дипломиран шумарски инженер, СДСМ
8. Верица Тодорова, р. 1987, дипломиран професор по македонски јазик, СДСМ
9. Марина Стојанова, р. 1981, виш даночен агент за услуги, СДСМ
10. Ана Арсова, р. 2006, студент на Институт за социологија и на Православен богословски факултет, СДСМ
11. Благој Илиев, р. 1958, пензиониран просветен работник, СДСМ
12. Борче Петров, р. 1988, дипломиран правник, СДСМ
13. Дарко Костадинов, р. 1973, дипломиран правник, СДСМ
14. Весна Спасова, р. 1969, медицинска сестра, СДСМ
15. Игорчо Христов, р. 1970, дипломиран, машински инженер, СДСМ

СЕ БОРИМЕ
ЗА НАШИОТ ДОМ!

# КАКВА Е СОСТОЈБАТА?!

Нашата држава се наоѓа на сериозна пресвртница. Премногу долго се потиснуваат реалните проблеми зад статистички извештаи и политички декларации. Вистината не може да се крие во розови интерпретации на податоци од разни табели – таа се слуша од гласот на граѓаните, од нивните секојдневни борби, стравови и стремежи.

Ние нема да ги игнорираме тие гласови. Ние ги слушаме, ги разбираме и дејствуваме. Нашата програма нема да се темели врз празни ветувања, туку врз соочување со реалноста, со изгубената надеж од предолгата транзиција на општеството, закочените европски интеграции и сѐ поизразената злоупотреба на власта.

Подолу ги претставуваме клучните предизвици со кои се соочуваме како општество. Време е да се соочиме со нив, без страв и без одлагање.

- **Значајно е намалена безбедноста на граѓаните**
- Здравствени ризици од енормно загадување
- Сообраќајна небезбедност
- Инфраструктурни недостатоци
- Кучиња скитници





## Институционална нефункционалност

- Партизација и слаб институционален капацитет
- Нехумано урбанистичко планирање
- Лошо одржување на инфраструктурата
- Еколошка деградација

## Корупцијата во јавните услуги

- Клиентелизам и непрофесионална јавна администрација
- Узурпации и непланско градење
- Неконтролирана експлоатација на ресурси
- Одолговлекување на постапки, наместо дигитализација

## Економска несигурност и масовно иселување

- Висока инфлација која ги топи платите
- Недоверба во системот
- Несоодветни јавни политики
- Бесперспективност







# НАШИОТ ПРИСТАП

Свесни за состојбите, за разочараноста на граѓаните и за политичката апатија што владее во општеството, храбро ја преземаме одговорноста да бидеме политички медиум преку кој граѓаните ќе можат да го направат посакуваниот целосен рестарт на системот.

Нашиот пристап се базира врз четири клучни столба околу кои би гравитирале сите стратегии, политики и проекти на СДСМ на претстојните локални избори и во време на мандатите на нашите градоначалници и членови на совети, кои ќе имаат реално позитивно влијание врз локалното население.

Ова не е само политичка платформа. Ова е повик за обнова на довербата, на системот, на иднината.



- **Младите во фокусот – Нова парадигма за здрав и одржлив развој**

- Градиме здрави и демократски свесни индивидуи
- Да бидеме поле за здрав и одржлив развој наместо расадник за светот
- Младите се нашата иднина и надеж – лесно достапно домување



## Чиста и здрава животна средина

- Беспрекорна комунална хигиена
- Чист воздух преку справување со изворите на загадувањето
- Расчистување на дивите депонии



## Функционален и безбеден јавен простор

- Хуман урбанизам – резиденцијални и културни/социјални хабови
- Сообраќајна безбедност
- Модерен и лесно достапен јавен превоз
- Зголемена мобилност



## Општини по мерка на граѓаните

- Отворени општини за граѓаните
- Да се слушне гласот на граѓаните
- Отчетни општини – нулта корупција
- Услужни и ефикасни општини



# ШТО НАПРАВИВМЕ НИЕ:

- Реализирани повеќе од 200 проекти;
- Асфалтирани повеќе од 40 улици во градот и населените места и заедно со асфалтираните регионални патишта изнесува околу 45 км;
- Намален е долгот на Општина Виница;
- Изградена е социјална зграда
- Спортска сала во ООУ „Славчо Стојменски" Виница;
- Промена на старите азбестни цевки со ПЕ во градот Виница и с. Јакимово;
- Проширена е филтер-станицата за вода од 100 на 150 л/сек. и приклучено е с. Лески на виничката водоводна мрежа;
- Започната реконструкција на кино салата во Виница;
- Регулација на коритото на Градечка Река во должина од 1 020 м (целата должина е 1200 м) ;
- Започната е изградба на покриен градски пазар;
- Реконструкција на 22 куќи на социјално ранливи семејства од ромска националност;
- Реновиран е интернатот во с. Блатец;
- Реконструкција на булеварот „Маршал Тито" во Виница во должина од 1 200 м;
- Замена на покривната конструкција во ООУ „Гоце Делчев" во Виница;

# А ШТО (НЕ) НАПРАВИЈА ТИЕ?!

- Зголемени давачките за данок на имот (2024);
- Зголемени давачките за постојните комунални услуги и воведени давачки за нови услуги (во континуитет);
- Нереализиран ниту еден капитален проект наведен во програмата на ВМРО-ДПМНЕ за периодот 2021 - 2025 (нова автобуска станица, спа-центар во с. Истибања, изградба на туристичка викенд-населба на Плачковица, изградба на локален пат Трсино - Голак, изградба на нова индустриска зона во м. Поповец);
- Неизграден нов булевар;
- Нефункционално ЈП (ЈП „Солидарност“ Виница);
- ЈП „Солидарност“ веќе со години тоне во долгови и ниту актуелниот ниту претходните директори не успеаја да го консолидираат претпријатието, иако на неколку пати ги зголемија давачките за комуналните услуги и воведоа и нови со што директно имаше финансиски импликации за граѓаните во вид на зголемени сметки за комуналните услуги;
- Нефункционална локална самоуправа;
- Во периодот 2021 - 2025 се примаа кадри што не придонесоа на никаков начин да се подобрат услугите за граѓаните. Нивните внатрепартиски препукувања доведоа до тоа да има смени во секретарските позиции во Општина Виница, а да нема апсолутно никаков ефект во работењето на општината;
- Несоодветен кадар во образовните институции;
- Во образовните институции, покрај неквалитетните кадровски решенија на раководни позиции, се прима и кадар со несоодветно образование, што дополнително влијае врз квалитетот на образованието;

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**



# МОЈАТА ВИЗИЈА

- **Зошто се кандидирате? Што е мотивот?**

Се кандидирам за градоначалник на Виница затоа што искрено верувам во потенцијалот на нашиот град и луѓето што живеат тука. Моја мотивација е да донесам вистински промени преку чесно, одговорно и транспарентно работење. Ќе се залагам за развој на локалната економија, подобра инфраструктура и квалитетни услови за младите и семејствата. Сакам Виница да биде град во кој сите ќе имаат можност за подобар живот, а мојата врата ќе биде отворена за секој граѓанин. Време е за нова енергија и искрено лидерство. Ќе работам посветено да ги вратиме чесноста, безбедноста, достоинството и развојот во нашата општина!

- **Колку е важно да се има визија за општината, за нејзино подобро функционирање и за нејзин развој. Дали во тој контекст е потребно да се има и визија за општеството во целина?**

Имањето визија за општината е клучно за нејзино подобро функционирање и долгорочен развој. Таа овозможува јасно насочување на ресурсите, стратегиско планирање и активно вклучување на граѓаните. Но локалната визија не може да биде целосно остварлива без поширока визија за општеството во целина. Само со заеднички цели на локално и национално ниво може да се обезбеди одржлив и праведен развој.

- **Што е тоа што сметате дека мора да се направи во следниот мандат и натаму? Нешто што ќе направи промена. Дали е доволно да се понудат само инфраструктурни проекти?**

Во следниот мандат е важно да се оди чекор подалеку од само инфраструктурните проекти. Вистинската промена се постигнува преку инвестирање во образованието, иновации и заштита на животната средина. Исто така, потребно е да се поддржи претприемаштвото и да се создаде различна и стабилна економија.

- **Колку се важни младите за нашата општина?**

Младите во Виница се клучни за развојот и иднината на општината. Тие носат нови идеи, енергија и иновации што го движат напред локалниот развој. Влијанието на младите се чувствува во образованието, културата и спортот, што ја збогатува заедницата. Инвестирањето во нивниот потенцијал значи сигурна и успешна иднина за Виница.

- **Како гледате на општата безбедност на граѓаните? Кои се проблемите и како може да се решаваат?**

Општата безбедност во Виница е предизвик, особено поради непочитување на сообраќајните правила, како што се прекумерна брзина, ненослење кациги и сл. Недоволната контрола од страна на полицијата и лошата инфраструктура, како што се неосветлените улици и недоволно обележаните пешачки премини, ја влошуваат ситуацијата. За подобрување, потребни се поинтензивни контроли, подобрување на сообраќајната инфраструктура и едукација на граѓаните за важноста од безбедно однесување.

- **Дали доброто планирање на просторот и мобилноста се клуч за забрзан развој, но и за поквалитетно живеење? Што сметате дека е неопходно да се преземе во следниот период?**

Доброто планирање на просторот и мобилноста се клучни за забрзан развој и поквалитетно живеење во Виница. Потребно е да се создадат безбедни патеки за пешаци и велосипеди, со што ќе се намали сообраќајниот метеж и загадувањето. Исто така, важно е да се развиваат зелени површини и рекреативни зони за подобрување на животната средина.

- **Особено во зимските месеци македонските градови се меѓу најзагадените во светот. Во многу места имаме проблем со диви депонии, а граѓаните имаат сериозни забелешки за јавната чистота дури и во најурбаните места. Осудени ли сме сите ние да живееме во ѓубре и отровен воздух?**

Македонските градови во зимските месеци се соочуваат со големо загадување на воздухот и проблеми со јавната чистота. Ова не треба да го прифаќаме како неизбежна состојба, туку како предизвик за промена. Со заеднички напори од граѓаните и властите, можеме да го намалиме загадувањето и да ја подобриме чистотата. Важно е секој од нас да ја преземе својата одговорност и да придонесе кон почист и поздрав животен простор.

- **Довербата на граѓаните во системот е на многу ниско ниво, а општата перцепција на јавноста е дека корупцијата цвета во нашата држава. Дали може да ја повратиме таа доверба? Дали подобрувањето на општинските услуги, зголемувањето на транспарентноста и отвореноста на општината кон граѓаните може да даде нова надеж?**

Довербата на граѓаните во системот е на ниско ниво, а перцепцијата за корупција е широко распространета. Сепак, враќањето на довербата е возможно преку подобрување на општинските услуги, зголемување на транспарентноста и поголема отвореност кон граѓаните. Кога институциите се посветени на квалитет и чесност, граѓаните почнуваат да веруваат и да се вклучуваат повеќе во процесите.

- **Иселувањето е еден од најголемите проблеми, а следствено и наталитетот е во драстично опаѓање. Имаме ли иднина без луѓе? Како да ги задржиме луѓето во своите места да продолжат да живеат со перспектива за себе и за своите деца?**

Иселувањето е еден од најгорливите проблеми со кои се соочува Виница, а како последица на тоа, наталитетот е во постојан пад. Се поставува прашањето – има ли иднина без луѓе? За да се задржат младите и семејствата, неопходно е да се создадат услови за достоинствен живот преку отворање на работни места, поддршка за локалниот бизнис и развој на современа инфраструктура. Потребна е силна поддршка за младите, квалитетно образование, културни и спортски содржини, како и можности за дигитална работа. Само со заедничка визија и вложување во потенцијалот на градот, Виница може да стане место каде што луѓето сакаат да останат и да ја градат својата иднина.

- **Зошто граѓаните да гласаат за вас? Што е тоа по што сте различни од другите за да ви ја дадат токму вам довербата?**

Затоа што јас не доаѓам со празни зборови и ветувања што убаво звучат пред избори, туку со дела. Целиот мој живот е пример за чесност, трудољубивост и работа за заедницата. Јас не сум политичар по



професија, туку човек од народот – со искуство, со интегритет и со јасна визија како да направиме вистински промени. Она што ме издвојува од другите е тоа што не ветувам невозможно – ветувам остварливо, секогаш сум бил достапен и транспарентен – не само пред избори, знам што значи тешка работа, затоа што цел живот сум работел чесно, со свои раце и со чист образ и не бегам од одговорност – секогаш сум стоел зад моите одлуки.

Треба да гласате за мене ако сакате промена што не е само козметичка, туку реална. Ако сакате човек кој нема да Ве изневери кога ќе се изгаснат камерите. Јас сум тука не за функција, туку за да работам – одговорно, со срце и со почит кон секој еден човек.

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Почитувани сограѓани,

Време е за нова енергија, нови идеи и искрено партнерство со вас – жителите на Виница. Време е за локална власт што слуша, работи, гради и обединува. Мојата визија е Виница да стане модерен, одржлив и пријателски град за сите генерации. Со одговорен пристап и транспарентна работа, заедно ќе ги менуваме состојбите!

Во продолжение ви ги претставувам клучните приоритети и насоки на мојата програма, поделени по области:

- **Образование**

Реконструкција и енергетска ефикасност на училиштата и градинките.

Поддршка за наставници и воведување современи методи во наставата.

Бесплатни училишни материјали за деца од ранливи семејства.





- **Култура**

Поддршка на локални уметници, фолклорни друштва и културни настани.

Организирање Виничко културно лето со концерти, изложби и театар.

Зачувување и промоција на културното и историското наследство.

- **Спорт**

Изградба на спортски сали, игралишта и изградба на нови спортски зони.

Финансиска поддршка за младински спортски клубови.

Организирање спортски натпревари и турнири за сите возрасти.

- **Урбана мобилност и велосипедски сообраќај**

Изградба на велосипедски патеки низ градот и кон селата.

Воведување безбедни паркиралишта за велосипеди кај училишта, пазари и јавни институции.

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

# ЗАЕДНО ДА ГИ МЕНУВАМЕ СОСТОЈБИТЕ!

Кампања „Со велосипед на работа/во училиште“ за поттикнување здрав и еколошки транспорт.

Финансиска поддршка за млади и ученици за купување велосипеди.

- **Животна средина**

Засадување нови дрвја и уредување паркови и зелени површини.

Селекција и рециклирање отпад со поставување на нови контејнери.

Кампањи за едукација за чиста и здрава животна средина.

- **Здравство и социјална заштита**

Бесплатни здравствени прегледи за пензионери и ризични категории.

Соработка со здруженија за развој на волонтерски сервиси за грижа на стари и болни лица во домашни услови.





Вклучување на граѓаните во кампањи за подигање на свеста за здравје, превенција и социјална солидарност.

Социјална помош и советувалишта за семејства во криза.

- **Управување и транспарентност**

Отворена општина: секој граѓанин ќе има пристап до информации и одлуки.

Буџетски форум и граѓански совети за приоритетни проекти.

Воведување на е-услуги за побрза, поефикасна администрација.

Виница заслужува повеќе – повеќе можности, повеќе грижа, повеќе правда.

Со ваша поддршка, ќе ја направиме Виница поубава, поправедна и поживотна за сите!

Заедно ги менуваме состојбите!

Глас за Виница што се движи – со срце, со ум и со велосипед!

# КАПИТАЛНИ ПРОЕКТИ

## ▪ Изградба на дом за стари лица

Изградбата на дом за стари лица во Виница претставува важен проект што ќе го подобри квалитетот на животот на повозрасната популација во општината. Со оглед на растечката потреба од социјална заштита и поддршка, овој дом ќе обезбеди безбедна, удобна и пријатна средина каде што старите лица ќе можат да ја добијат потребната нега и внимание. Објектот ќе биде современо опремен, со простории за индивидуален и групен престој, медицинска служба, простории за рекреација и социјални активности. Инфраструктурата ќе биде приспособена за лица со посебни потреби, со пристапни патеки и рампи. Проектот ќе создаде и нови работни места за локалното население, со што ќе придонесе и за економски развој. Домот ќе биде место каде што старите лица ќе се чувствуваат вреднувани, заштитени и дел од заедницата, овозможувајќи им достојно и активно стареење во нивниот роден крај.

**Влијание на проектот:**
Проектот ќе обезбеди подобра грижа за старите лица, ќе создава нови работни места и ќе ја зајакнува заедницата во Виница преку социјална поддршка и вклученост.

**Целна група:**
Пензионери



## Изградба на булевар на влезот во Виница

Изградбата на нов булевар на влезот во Виница од страната на Кочани претставува значаен инфраструктурен проект што има цел да го подобри сообраќајниот проток и безбедноста во регионот. Булеварот ќе биде главен влезен пат кон градот, со модерни сообраќајни решенија, вклучувајќи двонасочни сообраќајни ленти, тротоари за пешаци и велосипедски патеки. Проектот предвидува и осветлување, зелени површини и поставување сообраќајни знаци за подобра организација на сообраќајот. Оваа изградба ќе го олесни пристапот до Виница и ќе придонесе за економски развој преку подобрена инфраструктура. Со реализацијата на булеварот се очекува значително да се намали сообраќајниот метеж и да се подобри безбедноста на сите учесници во сообраќајот. Проектот ќе биде голем чекор кон модернизација на сообраќајната мрежа во регионот.

**Влијание на проектот:**

Со изградбата на булеварот, ќе се намали сообраќајниот метеж и ќе се овозможи нормален сообраќај во тој дел од градот.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Виница

## Решавање на атмосферската канализација

Атмосферската канализација во Виница претставува клучен инфраструктурен проект насочен кон собирање и одведување на атмосферските води од улиците и јавните површини. Со цел да се намалат поплавите и оштетувањата на патната и урбаната инфраструктура, се изработува систем што ги собира дождовните води преку сливници, канали и цевководи. Проектот вклучува анализа на хидролошките услови, избор на соодветен капацитет на цевките и нивно правилно позиционирање за оптимално одведување на водата до најблиските природни водотечни канали или реки. Во решението се вклучени и заштитни мерки за спречување ерозија и контаминација. Важно е редовно одржување и чистење за беспрекорно функционирање. Овој систем ќе го подобри квалитетот на животот и ќе ги намали ризиците од водени штети во Виница.

**Влијание на проектот:**

Ќе се намалат поплавите, ќе се заштитат домовите и патиштата, ќе се подобри јавната хигиена и безбедност и ќе се создадат подобри услови за живот и урбан развој на градот.

**Целна група:**

Сите жители на Општина Виница

# ПРОЕКТИ

## Сообраќајно решение во градот

Сообраќајното решение за паркингот во Виница вклучува организирање зонско паркирање, јасно обележување на местата, воведување временски ограничувања и воведување еднонасочен сообраќај околу паркингот за полесен проток и зголемена безбедност на пешаците и возилата.

**Влијание на проектот:**
Со ова решение ќе се создаде ред во паркирањето и ќе се овозможи нормално функционирање во градот во однос на сообраќајот.

**Целна група:**
Сите жители на Општина Виница

## Спортска сала во ООУ „Гоце Делчев“ Виница

Изградба на спортска сала за учениците во ООУ „Гоце Делчев“ Виница што ќе придонесе за поквалитетна настава во однос на спортските активности на учениците.

**Влијание на проектот:**
Со овој проект ќе се овозможи поквалитетна настава за учениците во однос на спортските активности.

**Целна група:**
Ученици, локални спортски здруженија

## Изградба на скејт-парк

Изградбата на скејт-паркот ќе придонесе за поголема активност на младите во спортските активности, со што се овозможува нивна подобра социјализација, а, секако, и напуштање на модерните секојдневни навики.

**Влијание на проектот:**
Изградбата на скејт-парк во Виница ќе поттикне младински активности, спорт и развој на урбаната култура.

**Целна група:**
Млади

## Изградба на велосипедска патека

Проектот предвидува изградба на велосипедска патека за безбедно и одржливо движење на велосипедистите. Патеката ќе ја поврзува урбаната и приградската зона, ќе придонесе за намалување на сообраќајниот метеж и загадувањето и ќе поттикне здрави животни навики.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на безбедноста, намалување на загадувањето и поттикнување здрав и одржлив начин на транспорт.

**Целна група:** Сите жители на Општина Виница

## Нова автобуска станица

Проектот предвидува изградба на нова, модерна автобуска станица со подобрени содржини за патниците и превозниците. Станицата ќе овозможи поефикасен јавен превоз, зголемена безбедност и комфор, како и подобра поврзаност меѓу градовите и регионите.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на јавниот превоз, зголемување на безбедноста и комфорот и олеснување на поврзаноста меѓу регионите.

**Целна група:**
Сите жители на Општина Виница

## Уредување, реконструкција и оспособување на јавните објекти (домови) во населените места

Проектот вклучува уредување, реконструкција и оспособување на јавните домови во населените места со цел подобрување на условите за социјални, културни и образовни активности. Овие обновени простории ќе ја зајакнат заедницата, ќе овозможат поголема вклученост на граѓаните и ќе го подобрат квалитетот на животот.

**Влијание на проектот:**
Подобрување на заедницата, зголемување на социјалната активност и подобрување на условите за образование и култура.

**Целна група:**
Сите жители на Општина Виница

## Воведување јавен градски превоз во градот и населените места

Во насока на унапредување на урбаниот живот, ќе воведеме јавен градски превоз. Овој чекор ќе овозможи подобра поврзаност, полесно движење и еколошки поприфатлив транспорт за сите граѓани, со што ќе се зголеми квалитетот на секојдневното живеење.

**Влијание на проектот:**
Јавниот превоз ќе ја зголеми мобилноста, ќе го намали загадувањето и ќе придонесе за поудобен урбан живот.

**Целна група:**
Сите жители на Општина Виница

# ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ – СО ВЛИЈАНИЕ ВО СЕКОЈА УРБАНА И МЕСНА ЗАЕДНИЦА

## Виница

1. Реконструкции на улици во градот Виница (Плачковички одред, Страшо Пинџур, Кочо Рацин, Никола Карев, Христо Узунов, Глигор Прличев, Пролетерска, Пионерска, Ѓорче Петров, Ванчо Прке, Маршал Тито, Ангел Винички, Македонска, Пиринска)
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите
3. Изградба на потпорни ѕидови на повеќе локации во цела општина
4. Поставување канализациска мрежа во: Турско Маало, Ромско Маало, м. в. Горица, м. в. Ила
5. Асфалтирање на новопроектирани улици во м. в. Ила, индустриски дел Виница -Берово, м. в. Горица (главен пат Ловно - Пролетер)
6. Донесување нови детални урбанистички планови и реевиденција на постојните за подобар развој на Општина Виница
7. Подобрување на уличното осветлување во цела Општина Виница
8. Редовно одржување на сите зелени површини и засадување нови садници во градот и населените места и изградба на нови паркови
9. Поставување јавни тоалети во градот
10. Проширување и подобра афирмација на музејот Теракота во Виница
11. Поддршка на постојните културни настани и проширување со нови
12. Подобрување на условите на пензионерските домови, поголема соработка на општината со Здружението на пензионери со поставување нови рекреативни места за самите пензионери
13. Нови детски забавни паркчиња со нови реквизити
14. Поставување повеќе фонтани и чешми во градот и населените места
15. Награди за најдобрите ученици во општината
16. Воведување нови спортски активности
17. Враќање на доделувањето стипендии за студенти од ранливи категории семејства
18. Ослободување од плаќање градинка за деца од ранливи категории семејства

## село Јакимово

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поставување бехатон-плочки на малите улици и на тротоарите
3. Довршување на водоводната мрежа
4. Поставување канализациска мрежа

## село Трсино

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поставување на бехатон во малите улици и сокаци

3. Зголемена и подобрена акумулација на водоводната мрежа на водоводот во селото
4. Довршување на канализациската мрежа
5. Подобрување на условите за движење на локалниот пат Трсино - Голак

- **село Лески**

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поплочување со бехатон на малите улици и тротоарите
3. Изградба на рекреативно спортско игралиште за младите
4. Поставување канализациска мрежа

- **село Блатец**

1. Асфалтирање на преостанатите улици и реконструкции на оштетените улиците со поставување нов асфалт
2. Поставување бехатон на малите улици (сокаци) и тротоарите
3. Довршување на патот до манастирот „Св. Илија"
4. Пренамена на интернатот во с. Блатец во дом за стари лица
5. Довршување со поставување нов асфалт на преостанатиот дел од патниот правец Блатец - Детлово

- **село Грљани**

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селските маала
2. Тампонирање на земјоделските патишта и редовно одржување на постојните
3. Подобрување на водоводот и водата за пиење
4. Довршување на патот Балинци - Витлате

- **село Липец**

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите
3. Подобрување на водоводната мрежа и реконструкција на селскиот водовод
4. Поставување канализациска мрежа

- **село Црн Камен**

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите

- **село Виничка Кршла**

1. Подобрување на патиштата во селските маала
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите
3. Поврзување на главниот пат со патниот правец кон село Калиманци

**СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!**

- **село Истибања**

1. Целосна регулација на Кајанечки Дол
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите
3. Потпорни ѕидови и асфалтирање во маало Тумско
4. Поставување канализациска мрежа во другите делови во селото што не се поврзани со главната мрежа
5. Подобрување на водоводната мрежа во селото

- **село Лаки**

1. Поплочување со бехатон на преостанатите улици во селото
2. Реконструкција на главната улица со поставување нов слој на асфалт
3. Доврошување на водоводната мрежа

- **село Калиманци**

1. Подобрување и асфалтирање и бехатонирање на локалните патишта што водат до селските маала
2. Подобрување на водоводната мрежа на селските маала
3. Одржување на главниот пат Јакимово - Калиманци - Грљани

- **село Пекљани**

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите
3. Уредување на речното корито и изградба на мост
4. Доврошување на канализациска мрежа

- **село Драгобраште**

1. Асфалтирање на преостанатите улици во селото
2. Поставување бехатон на малите улици и тротоарите
3. Подобрување на водоводната мрежа во маало Чукарлии и маало Малчовци
4. Поставување канализациска мрежа во селото

- **село Трстија**

1. Асфалтирање улица во селото
2. Подобрување на водоводната мрежа

- **село Градец**

1. Проширување на главната улица во селото и поставување нов слој на асфалт
2. Асфалтирање на преостанатите улици во село Градец и новата населба Градец
3. Регулација на речното корито на Градечка Река во с. Градец
4. Доврошување на канализациската мрежа
5. Поставување бехатон на малите улици и сокаци

СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

За Виница

СДСМ

И КОАЛИЦИЈАТА

# СЕ БОРИМЕ ЗА НАШИОТ ДОМ!

СДСМ
И КОАЛИЦИЈАТА